## Ризик од пазарна концентрација

| **Показател:** | **Пазарен удел по Herfindal Hirschman Index** |
|---|---|

| Датум | 30.06.2025 |
|---|---|
| Пазарно учество по HHIndex (по месеци) | 4283 |

Индексот Херфиндал-Хиршман (HHI) ја покажува концетрацијата на бизнисот во одреден број компании во одреден временски период. Пазарната концентрација на задолжителните пензиски фондови во однос на претходниот период изнесува 4319 поени согласно HHI што значи намалување во однос на минатите периоди, особено после 2019 година кога започна со работа третиот задолжителен пензиски фонд. Сепак, индексот  покажува многу високото ниво на пазарната концентрација, односно има значајна вредност бидејќи постојат мал број на фондови коишто обезбедуваат капитално финансирано пензиско осигурување. Исто така, значењето на ризикот од пазарна концентрација се зголемува поради ниската ангажираност на осигурениците во изборот на пензиски фонд и распределбата на осигурениците по случаен избор согласно регулативата.




**Методологија и податоци:**

За оценка на ризикот  за пазарана концентрација Агенцијата усвои индикатор HHI индексот кој е вообичаена мерка за пазарна концентрација и се користи за одредување на конкурентноста на пазарот. Колку е поблиску пазарот до монопол, толку е поголема концентрацијата на пазарот (и помала неговата конкуренција). Нивото на ризикот покажува колку во одреден пазарен сегмент има концетрација на влијание од помала група на субјекти.
HHI се пресметува како збир на квадратните степени на пазарните учества на сите задолжителни пензиски фондови во однос на вкупните нето средства (изразени како цел број) и може да се движи од 0 до 10.000 поени.